Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-282/2
30.06.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 47-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 15.05.2025 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 46-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година - прв ребаланс.
3. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-март 2025 година- прв квартал.
4. Предлог- Дополнување на Буџетски календар за 2025 година.
5. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година.
6. Предлог- Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот.
7. Предлог- Одлука за измена на одлука за формирање Локален совет за превенција.
8. Предлог- Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.
9. Предлог- Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - ММ Мобилна машина - Утоварач.
10. Предлог- Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - Товарно возило за специјална намена комунално.
11. Предлог- Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП Клепа Градско.
12. Предлог- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев" Градско за 2026 година.
13. Предлог- Одлука за давање согласност за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година
14. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.
15. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР- ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.
16. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.
17. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.
18. Разгледувања на барања и поднесоци.
19. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 47-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 46-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 46-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 46-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 46-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година - прв ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Измените се прават поради обезбедување дополнителни средства со допис од страна на Министерството за финансии, ДДВ се зголеми за 9.799.389,00 денари. Се намалува кај приходот од данок на имот поради тоа што е врзано со приход од земјоделските концесии. Се зголемува кај пренесен вишок од предходна година кој се однесува за реконструкција на улица 8 Септември, за поддршка на Фолклоријадата од страна на Министерство за култура, договор со МЗШВ за поддршка на Павловден, имаме донација за реализација на проект за осветлување на пат до село Виничани и изградба на детско игралиште во Старо Градско, за изработка на проектна документација за изолација на училишната зграда. Во делот на расходите за исплата на наградените, за веќе донесени одлуки од Ваша страна. Се предвидува дополнителни средства за набавка на цистерна за која што треба учество од општината, повикот го распишува ЦРВПР, а средствата се обезбедени од БРР. Се зголемува за услугата за одржување на уличното осветлување, за одржување на патишта, за одржување на зеленилото. Предвидени се средства за дезинфекција и дератизација Има нова прогрма ЈГ за водоснабдување наменети за решавање на проблемот со водоснабдувањето во Виничани. Предвидени се средства за реконструкција на улица во село Уланци. Потоа за Фолклоријадата за Павловден. Се намалува кај градинката согласно динамиката. Во делот на школото се менува во набавка за опремување.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година - прв ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година - прв ребаланс.

*3.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-март 2025 година- прв квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Кварталните извештаи се заклучно со 31 март, реализацијата на приходите не е многу висока изнесува 21,03% од вкупно предвидените средства поради тоа што концесиите за земјоделските закупнини се плаќаат во месец јуни и зголемување би имале со продажбата на градежно земјиште, исто така и решенијата за данок на имот се изготвуваат во месец март. Поради тоа поголема реализација се очекува во наредниот квартал. К2 се однесува на доспеани ненамирени обврски, а К3 во однос на нови задолжувања, нема нови задолжувања ни општина Градско ни ЈКП Клепа.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Кварталните извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-март 2025 година- прв квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ги усвои Кварталните извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-март 2025 година- прв квартал.

*4.Дополнување на Буџетски календар за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Дополната е во преамбулата, се додава бројот на Службениот весник каде е објавена промената.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Дополнувањето на Буџетски календар за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Дополнување на Буџетски календар за 2025 година.

*5.Програма за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година.

*6.Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот.

*7.Одлука за измена на одлука за формирање Локален совет за превенција.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена на одлука за формирање Локален совет за превенција.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена на одлука за формирање Локален совет за превенција.

*8.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

*9.Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - ММ Мобилна машина - Утоварач.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар - ММ Мобилна машина - Утоварач.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар - ММ Мобилна машина - Утоварач.

*10.Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - Товарно возило за специјална намена комунално.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар - Товарно возило за специјална намена комунално.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар - Товарно возило за специјална намена комунално.

*11.Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП Клепа Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП Клепа Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП Клепа Градско.

*12.Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев" Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Каролина Кирова, директор на ООУ „Даме Груев“ Градско. Со планот бараме вработување на возач и хигиеничар. Хигиеничар за во Ногаевци поради тоа што сега ротираат од Градско, а во план е изградба на мултифункционална сала. Работно место возач бараме доколку ни одобрат школото ќе си купи комбе за да се носат учениците од подрачните училишта.

Мирјана Ѓорѓиева- тоа комбе ќе биде наменето само за учениците до подрачните.

Каролина Кирова- да, доколку не ни се одобри треба ако може да соработуваме со општината за возач.

Слободан Бошков- тоа го дискутиравме кога го укинавме превозот за вработените.

Јованче Стојанов- ќе бараат лиценци.

Слободан Бошков- треба се информирате и од школото службено да се обратите до надлежните институции.

Боне Спасовски- работно место нема и во Виничани, нека се вработи лице и од Виничани.

Каролина Кирова- ако добиеме ќе се направи анализа, ние сме едно училиште, бараме едно работно место.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2026 година.

*13.Одлука за давање согласност за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.

*14.Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2024 година.

*15.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР- ШЕПА“ Кавадарци со состојба од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР- ШЕПА“ Кавадарци со состојба од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР- ШЕПА“ Кавадарци со состојба од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

*16.Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.

*17.Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2025 година.

18.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Енес Ашкериќ од Виничани, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Горан Арсов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Малиќа Башини од Водоврати, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

г) Барање од Боне Спасовски од с.Виничани, општина Градско за доделување финансиски средства за одбележување на празникот „Константин и Елена" во с.Свеќани.

По разгледување на барањето советниците со 8 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

д) Барање од Роберт Иванов за ослободување од плаќање на надоместок на комунална такса за јавно осветлување.

Боне Спасовски- сметам дека општината не е должна да поставува улично. Бара осветлување на сред нива, како донел струја до таму.

Мирјана Ѓорѓиева- ако не се помине одлука на совет целиот трошок е на општината.

Слободан Бошков- над неговата парцела е парцелата каде сега веќе се продаваат плацови.

Јованче стојанов- со одлуката што ќе ја донесиме нема да боде ослободен, после ќе оди преку ЕВН.

По разгледување на барањето советниците со 5 гласа ЗА и 4 ПРОТИВ го усвоија барањето за ослободување од плаќање на надоместок на комунална такса за јавно осветлување.

*19.Разно*

Маја Андовска- три пати барав да се тргне легнатиот полицаец во Долно Градско и се уште не е тргнат. Сега доставувам петиција со потписи од страна на жителите и бараме истиот да биде отстранет ако не сами ќе го тргниме.

Мирјана Ѓорѓиева- Вие жителите баравте да се намести легнат полицаец сега барате да се тргне. Не е во ред, општината излегува во пресрет на граѓаните.

Слободан Бошков- на многу блиско растојание наместени се два, едниот нека се тргне. Станува збор за пат кој го користат сите, нека дојде сообраќаен инженер и нека се испита на колку растојание се наместени и дали е во ред.

Маја Андовска- има проблем и кај лицата со инвалидитет.

Тоше Петревски- некој бараше да се намести, нека се види кој барал.

Мирјана Ѓорѓиева- наместен е по барање на некој.

Боне Спасовски- во врска со социјалниот оброк кој се дели во Градско се носело храна кај едно лице во Виничани, ако може да се носи храна и кај Боро Велинов. Сакам да имам одговор дали е тоа можно.

Да се намести ограда на сред село каде што си играат децата. Да се загради поради тоа што е фрекфентно место. Децата ќе бидат сигурни и плус просторот ќе се среди.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 47-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО ГРАДСКО